Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 341, 1 април 2024 година

април 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „НЕПЛАНИРАНОТО ДЕТЕ НА ЕВРОПА, МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО 19 ВЕК И ЗАПАДНИТЕ ЕВРОАТЛАНТСКИ ПОЛИТИКИ ВО 21 ВЕК" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ЈОРДАНКА ГАЛЕВА И ВОН. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 3**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „AMERICAN HISTORY, CULTURE AND CIVILIZATION - WORKBOOK" ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА КРСТЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 7**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БАНКАРСКО РАБОТЕЊЕ" (УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 10**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 ........ 15**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 16**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август" - Штип
ISSN: 1857- 8497

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „НЕПЛАНИРАНОТО ДЕТЕ НА ЕВРОПА, МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ИСТОЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО 19 ВЕК И ЗАПАДНИТЕ ЕВРОАТЛАНТСКИ ПОЛИТИКИ ВО 21 ВЕК" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ЈОРДАНКА ГАЛЕВА И ВОН. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1102-46/11 од 255. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 20.2.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ивица Јосифовиќ, редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и во западните евроатлантски политики во 21 век**" од авторите **доц. д-р Јорданка Галева и вон. проф. д-р Дејан Маролов**, наменет за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** „*Непланираното дете на Европа*" со поднаслов „*Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и во западните евроатлантски политики во 21 век*" е интердисциплинарна монографија која може да се користи како дополнителна литература при подготовка на истражувања на студенти за дипломски, магистерски и/или докторски трудови.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот се состои од 211 страници формат А4, пишуван во фонт Arial 11, без проред, со 124 библиографски единици. Ракописот според обем и по содржина во целост е согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип досега не е објавен учебник/наставно помагало/монографија со ист или сличен наслов. Овој ракопис ќе може да се користи и да биде бесплатно достапен за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е поделен на два дела со вкупно пет поглавја, вклучително, вовед, заклучок и користена литература. Согласно со насловот и временскиот период, првото, второто и третото поглавје се во првиот дел, додека вториот дел е сочинет од четвртото и петтото поглавје.

Првиот дел во кој се содржани првите три глави е насловен „*Македонија како дел од Источното прашање во 19 век*". Предмет на анализа во овој дел е македонското прашање во договорите склучени помеѓу балканските држави,

за ослободување на териториите на Европска Турција, како и преговорите, предлозите и договорите на големите сили во обид на одржување на територијален status quo или пак евентуален распад на Отоманската Империја.

Првото поглавје носи наслов *„Европскиот дел на отоманската територија и договорите за поделба на Македонија во периодот од Виенски конгрес до Берлинскиот конгрес“*. Во ова поглавје кое е поделено на три потпоглавја се опфаќа периодот од Виенскиот конгрес, одржан во периодот од есента 1814 година до пролетта во 1815 година, до Берлинскиот конгрес во 1878 година.

Во првото потпоглавје се дава краток опис на политичката ситуација во Европа во периодот помеѓу Виенскиот конгрес и Парискиот конгрес по Кримската војна; во второто потпоглавје акцентот е ставен на договорите на балканските соседи, од шеесеттите и седумдесеттите години до Берлинскиот конгрес, за ослободување на населението од територијата на Европска Турција и нејзина поделба. Во третото потпоглавје се опфатени преговорите и договорите на големите сили пред и по руско-отоманскиот конфликт од 1877 година, во кои индиректно се третира и македонското прашање.

Второто поглавје носи наслов *„Македонското прашање во политичките пропаганди, меѓународни договори и во националната свест во периодот од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание“*. Ова поглавје е поделено на две потпоглавја и го опфаќа периодот по Берлинскиот конгрес од 1878 до Илинденското востание од 1903 година. Во овој дел македонското прашање се третира како дел од политичките пропаганди, меѓународните договори на балканските држави и на големите сили, но и како дел од националната свест на населението кое живее на територијата на Македонија.

Во првото потпоглавје е направена анализа на договорите во кои се третира ослободување и поделба на територијата на Европска Турција, во која спаѓа и територијата на географскиот регион Македонија, како и политичките пропаганди на балканските држави во однос на нејзиното население. Во второто потпоглавје е направена деталнаанализа на националното будење на македонскиот народ и неговата интелектуална и политичка борба за независност и национална посебност. Во овој дел се опфатени националното просветно движење и пропагирање (преку здруженија и печат) на македонските интелектуалци од Македонија и од други држави, како и револуционерното движење и формирање на комитети и организации за ослободување на Македонија преку борбата за сопствен јазик, за верска независност и автономна држава.

Третото поглавје носи наслов *„Македонското прашање пред и по Балканските војни“*. Ова поглавје е посветено на македонското прашање пред и по Балканските војни и е поделено на пет потпоглавја во кои се опфатени предлозите на големите сили за воведување на реформи во европскиот дел на Отоманската Империја, пропагандните воени политики и договорите за поделба на територијата на Македонија во периодот пред Балканските војни и за време на Балканските војни заклучно со Букурешкиот мир од 1913 година, како и обидите и предлозите на македонските интелектуалци и револуционери за извојување автономна Македонија, под лозунгот „Македонија на Македонците“. При крај на ова потпоглавје е даден краток опис на настаните помеѓу Букурешкиот мир од 1913 година и Првото заседание на АСНОМ од 1944 година, кога се создава првата македонска држава. Со овие историски настани се затвора првиот дел и се отвора вториот дел на овој монографски труд.

Вториот дел во кој се содржани четвртата и петтата глава е насловен „*Македонија во западните евроатлантски политики во 21 век*". Во овој дел македонското прашање се анализира во контекст на друга реалност споредбено со претходниот период, како прашање кое се поврзува со веќе создаден државен ентитет, односно независна држава Република Македонија. Една од основните цели за надворешна политика на новосоздадената држава е членството во европското семејство (Европска Унија) и северноатлантската алијанса. Во овој контекст како услов за добрососедските односи и напредок во евроатлантските преговори, Македонија склучи неколку договори меѓу кои Охридскиот Рамковен договор (ОРД) (чија имплементација е еден од условите за напредокот во евроатлантските односи), потоа договорите со Бугарија и Грција, како предуслови за започнување на преговорите со Европската Унија и членство во НАТО алијансата. Овој дел во кој се третира современата историја на македонското прашање е поделен на две глави: четвртата глава која го третира националните аспекти на македонското прашање и петтата глава која се однесува на интернационалните аспекти на македонското прашање во независна Македонија

Четвртото поглавје носи наслов „*Национални аспекти на македонското прашање во независна Македонија*". Подетално четвртото поглавје е поделено на шест потпоглавја кои во најголемиот дел е посветено на Охридскиот рамковен договор. Во првото потпоглавје е даден краток опис на конститутивните акти за создавање на македонската држава во периодот помеѓу 1944 до 1991 година. Во второто потпоглавје е даден краток опис на меѓународните односи на Македонија во евроинтегративниот процес во првата декада од својата независност, со посебен акцент на политиките за спроведување на реформи. Во третото потпоглавје се третира Албанското прашање како дел од националната политика на Македонија и Охридскиот Рамковен договор како предизвик за евроатлантската интеграција. Во овој дел конкретно се елаборирани причините за барањата поставени од страна на припадниците на Албанската националност / заедница и нивниот статус во општеството. Во четвртото потпоглавје е направена детална анализа на Охридскиот Рамковен договор, додека во петтото потпоглавје овој договор е спореден со Тиранската платформа. Шестото потпоглавје содржи податоци за напредокот на земјата во евроатлантските односи дваесет години по потпишувањето на Охридскиот Рамковен договор.

Петтото поглавје носи наслов „*Интернационални аспекти на Македонското прашање во независна Република Македонија*". Ова поглавје ги третира интернационалните аспекти на македонското прашање во независна Македонија, односно низ призмата на спорот со името „*Македонија*" со Грција, и спорот за македонскиот јазик и историја со Бугарија, како услови за започнување преговори со ЕУ и вклучување на земјата во НАТО алијансата. Во првото потпоглавје е направена детална анализа на *Привремената спогодба* од 1995 година и *Договорот од Преспа* од 2018 година склучени помеѓу Македонија и Грција, додека во второто потпоглавје анализата ги опфаќа *Заедничката декларација* од 1999 година и *Договорот за пријателство, добрососедство и соработка* од 2017 година, склучени помеѓу Македонија и Бугарија.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот претставува значаен придонес, пред се, во науката за меѓународните односи, но и во други сродни научни дисциплини, заради неговиот интердисциплинарен пристап. Начинот на кој авторите го истражуваат предметното прашање, односно македонското прашање во меѓународните односи во 19 век и 21 век повикувајќи се на меѓународните договори е значаен придонес во научната мисла. Преку компарација на двата периоди во кои се третира македонското прашање, целта е да се види која е политиката на големите сили во однос на создавање на македонската држава во деветнаесеттиот век и какви политики води меѓународната заедница (ООН, ЕУ, НАТО (и одделни нивни членки)) кон македонска држава во дваесет и првиот век. Станува збор за исклучителна монографија која ќе им биде од помош како на студентите така и на академскиот кадар од Правниот факултет. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување согласно со правилниците за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на сето ова, Комисијата со задоволство се изјаснува со позитивна рецензија и дава предлог за објавување на ракописот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Ивица Јосифовиќ, редовен професор, с.р.

Д-р Ана Никодиновска-Крстевска, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „AMERICAN HISTORY, CULTURE AND CIVILIZATION - WORKBOOK“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА КРСТЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-47/8 од 280. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 14.2.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ева Ѓорѓиевска, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Крсте Илиев, доцент, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај / рецензија на приложениот ракопис „***American history, culture and civilization – Workbook“*** од **доц. д-р Марија Крстева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З ВЕ Ш ТА Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „*American history, culture and civilization – Workbook*“ од доц. д-р Марија Крстева е пишуван според наставниот план и програма за предметот *Американска култура и цивилизација*. Овој предмет се изучува како изборен предмет од прв циклус студии на Студиската програма *Англиски јазик и книжевност* акредитирана во 2021/2022 година на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Предметот се слуша во втора година од студиите, во четврти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1 и 4 ЕКТС. Предложениот ракопис содржи прашања кои се однесуваат последователно на секое од поглавјата од наставниот план и програма и во најголем дел ја опфаќаат материјата предвидена за предметот за кој се наменети.

Ракописот е понуден како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот **Американска култура и цивилизација**. Тој се состои од прашања и вежби кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат податоците предвидени со наставната програма, да формираат продлабочени знаења за периодите од американската историја кои се фокус на проучување, да донесуваат аргументирани заклучоци, како и да оформат сопствени мислења и критички ставови.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial со големина на буквите 11. Текстот содржи четири глави од кои првата и втората глава содржат по седум наставни единици, третата глава има шест наставни единици, а четвртата глава две наставни единици, проследени со библиографија. Главите и деловите соодветствуваат со наставните единици предвидени во наставната програма по предметот Американска култура и цивилизација. Практикумот се состои од 38 страници.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите, согласно со бројот на часови и кореспондира со академскиот календар за реализација на наставата по предметот Американска култура и цивилизација.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Американска култура и цивилизација досега не е објавен на УГД. Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните наставници и преведувачи по англиски јазик и претставува неопходно и значајно учебно помагало за студентите кои студираат Англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на англиски јазик. Вокабуларот кој се содржи во прашањата е разбирлив и приспособен на нивото на познавање на англискиот јазик за студентите од втора година на групата Англиски јазик и книжевност. Целта на практикумот е детална разработка и примена на содржините од наставниот материјал и сметаме дека е од особена важност за полесно совладување на наставната материја по предметот Американска култура и цивилизација. Ракописот содржи прашања од различни видови, како на пример: 1. Прашања во кои е потребно да се заокружи еден точен одговор од повеќе зададени одговори; 2. Прашања со краток есеистички одговор кои поттикнуваат лично видување и размислување на повисоко ниво како анализа, синтеза и евалуација, со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна интерпретација.

Периодите на коишто се однесуваат прашањата се следниве: 1. Откривањето и населувањето на Новиот Свет; 2. Создавањето на нацијата; 3. САД во дваесеттиот век и 4. САД како суперсила. Прашањата кои ги содржи овој практикум се конципирани на начин да поттикнат суштинска анализа за процесите во наведените периоди од американската историја. Во првата глава, 1. Откривањето и населувањето на Новиот Свет, се содржани наставните единици: Првите Американци, Истражувачи од Европа, Почетоците на Вирџинија, Пуританска Нова Англија, Колонијалниот живот во Америка, Корените на Револуцијата, Борбата за независност. Во втората глава, 2. Создавањето на нацијата, се содржани наставните единици: Формирање на Новата нација, Години на раст, Север и Југ – Крај на Војната, Реконструкција, рудници, железници и сточари, Изумители и индустрии, Златната порта, Реформатори и прогресисти. Во третата глава, 3. САД во дваесеттиот век, се содржани наставните единици: Војна и Мир, Бурните дваесетти, Крах и депресија – Новата зделка на Рузвелт, Арсеналот на демократијата, Црни Американци. Во третата глава, 4. САД како суперсила, се содржани наставните единици: Студената војна – баланс на терор и Американски век.

На почетокот од практикумот е наведена содржината на наставните поглавја, а на крајот е дадена библиографијата со користени дела и фотографии.

Освен прашања од наставниот материјал, практикумот содржи и фотографии кои ги претставуваат значајните фигури на американската историја (научници, револуционери, културни дејци и сл.), како и значајни историски настани и споменици за кои се говори во лекциите. Фотографиите го доловуваат периодот за кој станува збор и влијаат сугестивно врз читателот за да може

полесно да го реконструира периодот за кој станува збор во наставниот текст.

Со помош на овој практикум студентите ќе ги развиваат своите критички вештини преку распознавање на главните процеси во овие периоди. Исто така, студентите ќе ги развиваат своите критички вештини за тоа како да поврзуваат одредени настани и ликови со концепти што не се директно присутни во процесите во обработените периоди. Понатаму, преку овој практикум студентите ќе го прошират својот вокабулар во дадени контексти. Исто така, преку одговарање на прашањата, со кратки реплики или есеи студентите ќе ги развиваат своите вештини за пишување. Студентите ќе ги обработуваат најзначајните карактеристики од населувањето на првите доселеници до влијанието на САД во светот во дваесет и првиот век со помош на структуриран и организиран метод.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „**American history, culture and civilization – Workbook**“ од доц. д-р Марија Крстева, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидени за предметот Американска култура и цивилизација на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата и вежбите овозможуваат успешно следење и совладување на материјалот од наставната дисциплина за којашто е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска практикум според Правилникот за единствени услови за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, ракописот со наслов „**American history, culture and civilization – Workbook**“ од доц. д-р Марија Крстева да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Ева Ѓорѓиевска, вонреден професор, с.р.
Д-р Крсте Илиев, доцент, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БАНКАРСКО РАБОТЕЊЕ” (УЧЕБНИК)
ОД ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-63/4 од 304. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 7.3.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Весна Свртинов, редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Банкарско работење” од авторот проф. д-р Зоран Темелков**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Учебникот „Банкарско работење“ од авторот проф. д-р Зоран Темелков претставува заокружен преглед на материјата која е насочена кон изучување на функционирањето на банкарските институции и нивната важност за домашната и глобалната економија.

Банките како финансиски институции се составен дел од секој финансиски систем при што имаат посебна важност во банкарски ориентираните системи. Банките реализираат бројни функции на финансиските пазари и се јавуваат како учесници со различни улоги. Работењето на банкарските институции е под строга контрола поради нивната важност за економијата и последиците од домино ефектот кој би можел да настане во случај на несоодветно работење на поединечни банки.

Треба да се напомене дека работењето на банките е проследено со бројни ризици поради нивната улога на посредници и функционирање на принципите на фракционото банкарство. Преку прибирање на краткорочни парични средства и пласирање на долгорочни кредити, банките реализираат рочна трансформација на средствата во економијата и создаваат ликвидност во домашната економија. На овој начин, банките го олеснуваат пристапот до слободни парични средства, го намалуваат трошокот за капитал и придонесуваат кон поттикнување на економски раст и развој. Банкарските институции се исто така составен дел од монетарната политика што е уште еден показател за нивното значење и важност за растот и развојот на домашната економија.

Учебникот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и е соодветен со наставната програма за предметот Банкарско работење, кој е застапен на студиските програми Бизнис администрација и Бизнис логистика – Скопје, Штип и Гевгелија,

каде што предметот Банкарско работење се јавува како задолжителен предмет, со неделен фонд на часови 2+2+1 во III семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката која е предмет на обработка во учебникот е претставена преку проблематики, прашања и одговори, во текст од вкупно 236 страници, 29 табели, 7 слики, речник составен од 194 поважни термини и литература од 123 библиографски единици. Начинот на кој се поставени ќе помогне во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник претставува оригинално дело, каде што авторот на учебникот прави значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со проблематиката на банкарското работење и за надминување на рутинското гледање на начинот на кој функционираат банките. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебник кој ќе им овозможи на студентите полесно совладување на материјата. Нивото и стилот се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломски студии. Секоја тематска единица започнува со краток преглед на содржината која е разработена во главата, како и целите на изучување на поглавјето. На крајот од секое поглавје се поставени прашања за дискусија кои треба да им овозможат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале материјата, како и да ги продлабочат своите сознанија преку дополнителни истражувања и анализи. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во ракописот се одликува со големо практично значење, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

Следствено, ракописот насловен како „Банкарско работење“, по обем и содржина, одговара на предвидената наставна програма за предметот Банкарско работење на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, и е прво издание. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот (учебникот) е концепиран во 10 поглавја кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Овој учебник овозможува продлабочување на знаењата поврзани со финансискиот систем, функциите на банките, различните видови на банкарски институции, важноста на централната банка, различните видови на банкарски производи и услуги, ризиците кои се јавуваат во банкарското работење, банкарските системи во ЕУ и САД. Покрај тоа се дава осврт и на улогата и важноста на финтек индустријата и системот на децентрализирани финансии. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во **првото поглавје** од овој труд е направен преглед на финансискиот систем. Во рамките на ова поглавје се дава можност за запознавање со различните видови на финансиски пазари и нивните карактеристики. Исто така, претставени се поважните учесници и нивната улога на финансиските пазари. Финансиските инструменти кои се употребуваат за реализирање на активностите на

финансиските пазари се објаснети заедно со нивните основни карактеристики. Разбирањето на начинот на кој функционира финансискиот систем е од посебна важност за понатамошно разбирање на деловните активности на банките и нивната важност за економијата.

**Второто поглавје** ги дефинира банките како финансиски институции и дава преглед на различните видови на банкарски модели, како и различните видови на банки, заедно со нивните карактеристики, кои постојат во една економија. Исто така, во рамките на првото поглавје се објаснети улогата и важноста на банкарските институции за економијата преку разгледување на трите функции кои ги извршуваат во економијата. Претставени се и различните принципи кои се применуваат во банкарското работење заедно со активните и пасивните банкарски работи. Исто така, се разгледуваат и различните извори на средства и приходи кои постојат во работењето на банките. Како дел од ова поглавје, претставена и важноста на банките односно банкарскиот систем за економскиот раст и развој.

Целта на **третото поглавје** е да ги прикаже улогата и функциите на централната банка. Најпрво е дефинирана централната банка како банка над банките и следствено се претставени нејзините функции во економијата. Поради важноста на централната банка во креирањето и спроведувањето на монетарната политика претставени се и основните квантитативни и квалитативни инструменти. Имено, се посветува внимание на основните инструменти со кои централната банка ја имплементира дефинираната монетарна политика. Со цел разбирање на потребата за постоење на независна централна банка, објаснети се и аргументи кои ја поддржуваат независноста, како и аргументи кои се против оваа независност.

**Четвртата глава** има за цел да ги објасни важноста и потребата за постоење на банкарска супервизија и регулација. Во овој дел од ракописот најпрво се посветува внимание на процесот на дерегулација кој е посебно важен за разбирање на потребата за супервизија и регулација на банкарската индустрија. Понатаму внимание се дава на разликата помеѓу банкарска супервизија и регулација. Исто така, се дефинираат различните цели на супервизијата на финансиската индустрија заедно со некои од основните пристапи за супервизија. Поради постоењето на меѓународни супервизорски стандарди, се наметнува потребата од претставување на Базелските спогодби. Овие спогодби се креирани за подобрување на работењето на банките и подобрување на супервизијата на банките. Последниот дел од ова поглавје прикажува систем за оценка на работењето на банките.

Модерното банкарство се карактеризира со голем број на финансиски производи и услуги. Па така, во **петтото поглавје** од ракописот се претставени некои од поважните финансиски производи и услуги кои ги нудат банките. Со цел, подобро разбирање на основните банкарски производи, претставени се карактеристиките на производите за штедење и кредитните производи. Исто така, посветено е внимание на некои различните видови на станбени кредити кои се нудат во развиените економии и економиите во развој. Притоа, не треба да се изостават и различните видови на каматни стапки и начинот на кој се прави пресметката на каматата на кредитните производи. Објаснети се и различните елементи на кредитите како еден од главните производи кои ги нудат банките. Претставена е важноста на амортизациониот план и начинот на кој тој се користи

од страна на банките и самите кредитокорисници. Опфатен е и концептот на негативна амортизација која може да се појави кај одредени видови на кредити при специфични економски услови.

**Шестата глава** е посветена на ризиците со кои се соочуваат банките во своето работење. Претставена е потребата за постоење на соодветни процеси за управување со ризици во банкарското работење заедно со важноста на процесите за управување со поединечни на ризици. Објаснети се основните ризици кои се појавуваат во банкарското работење, како и причините кои доведуваат до појава на некои од ризиците. Распознавајќи ја важноста на ризиците во банкарското работење внимание се посветува и на начините на кои банките може да се справуваат со различните ризици и да ги ублажат негативните ефекти од нивна појава. Некои од ризиците кои се опфатени во рамките на ова поглавје се: кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, ризик на каматни стапки, девизниот ризик и пазарниот ризик.

**Седмото поглавје** дава преглед на структурата и начинот на функционирање на банкарскиот систем во Европската Унија. Се започнува со процесот на формирање на Европската монетарна унија, при што фокус се дава на трите фази од формирањето. Структурата на банкарскиот систем на ЕУ заедно со ЕСЦБ и Евросистемот се објаснети, како и различните органи на одлучување на Европската централна банка. Во продолжение се објаснети функциите и целите на ЕЦБ и основните инструменти кои се користат за имплементирање на дефинираната монетарна политика.

**Осмото поглавје** е наменето за запознавање со комплексната банкарска структура во САД, каде што постои систем на таканаречено дуално банкарство. Претставени се предностите и недостатоците на дуалното банкарство заедно со различните компоненти на банкарскиот систем во САД. За подобро разбирање на улогата на Федералните резерви, даден е краток осврт на историјата на централнобанкарскиот систем на САД и формирањето на ФЕД. Објаснети се функциите и одговорностите на ФЕД заедно со нејзините органи на одлучување и други релевантни тела и одбори во банкарскиот систем. Претставени се ограноците на ФЕД и основните инструменти кои се користат во банкарскиот систем на САД за управување со монетарната политика.

**Деветтото поглавје** е насочено кон аспекти поврзани со банките и иновативната финтек индустрија. Овде се дава преглед на поимот и дефиницијата за финтек индустријата и финтек компаниите. Претставени се основните видови на финтек платформи и нивната улога во понудата на финансиски производи и услуги. Исто така, се прави споредба помеѓу традиционалниот банкарски модел и алтернативните модели за финансирање. Се претставува и начинот на кој финтек индустријата влијае врз работењето на банките. Необанките се разгледуваат како посебна форма на финтек компанија и нов модел на банка кој се појавува во последните неколку години. Тука се разгледува начинот на кој необанките влијаат врз работењето на традиционалните банкарски институции.

Во последната **десетта глава** внимание е дадено на новата и иновативна форма на финансии и алтернативниот финансиски систем наречен систем на децентрализирани финансии. Се разгледуваат причините кои довеле до појава на децентрализираните финансии и што, всушност, претставува овој нов и алтернативен финансиски систем. Претставени се карактеристиките на децентрализираните финансии и децентрализираниот систем. Во ова поглавје

е направена и споредба помеѓу централизираните и децентрализираните финансии. Исто така, објаснети се основните предности и недостатоци на децентрализираните финансии.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката поврзана со банкарското работење, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат и продлабочат своите сознанија во врска со основните карактеристики на банките, нивната важност за економијата и аспектите кои постојат во работењето на банките.

**ЗАКЛУЧОК**

Значајноста на ракописот за учебник „Банкарско работење" од проф. д-р Зоран Темелков може да се согледа во темелноста и сеопфатноста на значајноста на банкарските институции за една економија. Со овој труд се претставува материја која ги претставува концептите во банкарското работење и со тоа претставува дополнување на стручната литература за банките и нивното работење. Со овој учебник авторот дава можност да се разбере важноста на банкарските институции и запознавање со иновативните форми на финансиски институции кои претставуваат нова форма на конкуренција на банкарската индустрија.

Учебникот е конципиран по однапред утврден наставен план и програма, и е напишан со разбирлив стил. Со ракописот, авторот придонесува студентите да стекнат продлабочено знаење од сферата на банкарското работење. Овој материјал ќе отвори бројни дискусии, критички расправи, помеѓу студентите. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му предложиме ракописот (учебник) со наслов „Банкарско работење" од проф. д-р Зоран Темелков да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, с.р.
Д-р Весна Свртинов, редовен професор, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови**
**од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | Бр.0206-296/2 од 25.3.2024 г. | „Утврдување на преваленција на неалкохолно замастување на хепарот со еластографија и серумски биомаркери кај лица со дијабетес и без дијабетес“ | „Determination of prevalence level in non-alcoholic fatty liver disease with elastography and serum biomarkers in patients with and without diabetes“ | проф. д-р Валентина Велкоска-Накова, интерен ментор проф. д-р Магдалена Генадиева-Димитрова, екстерен ментор | Александра Тонева-Николова |
| | Бр.0206-296/9 од 25.3.2024 г. | „Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи“ | „Prognostic factors of hepatic metastases monitored throught computed tomography and ultrasound as comparative methods“ | проф. д-р Антонио Глигориевски, интерен ментор проф. д-р Мери Трајковска, екстерен ментор | Габриела Димова |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| **Билтен 1.4.2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА | 1. Creating dance through discovering a different flocking algorithm as a mapping guideline for a new choreographic approach | 2502-38/5 од 19.2.2024 год. | Проф. д-р Рисима Рисимкин | Ана Папаниколаоу |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 2. Епидемиолошка споредба пред и после КОВИД-19 пандемијата и употребата на антибиотици во ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија - Скопје | 2002-58/40 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Елизабета Сајкова Ангеловска |
| | 3. Психологија на слаб вид | 2002-58/41 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Страхил Газепов | Митко Каровски |
| | 4. Инциденца и преваленца на остеопороза | 2002-58/42 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Мартина Ивановска |
| | 5. Холециститис кај пациенти во период од 2020 до 2022 во ЈЗУ Општа болница „Ферид Мурад“ -Гостивар | 2002-58/43 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Јовица Петровски |
| | 6. Моторна неврорехабилитација кај пациенти со мултипла склероза | 2002-58/44 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Данче Василева | Марија Славкоска |
| | 7. Потреба на сестринска нега во единица на интензивно лекување | 2002-58/45 од 20.2.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Валентина Брнзевска |
| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | 8.Дигитализација на сметководството | 1202-54/7 од 14.3.2024 год. | Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска | Анита Миланова |
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 9. Морфолошко-производни карактеристики, хемиски состав на зрното и нивната генетска поврзаност кај некои сорти на пченица (Triticum aestivum L.) одгледувани во Кочанско | 1302-64/8 од 21.3.2024 год. | Проф. д-р Верица Илиева | Иван Минов |
| | 10. Влијание на сортата грозје и технологијата на производство врз хемискиот состав на маџун | 1302-64/7 од 21.3.2024 год. | Проф. д-р Виолета Димовска | Билјана Витановска |